23348

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.

Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

10882/10

11. V. 1977

ИЗВЕШТАЈ ОД АТИНА

# ИМПРЕСИВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

**ВО НАЦИОНАЛНАТА ПИНАКОТЕКА ВО АТИНА СИНОКА СВЕЧЕНО БЕШЕ ОТВОРЕНА ГОЛЕМА ИЗЛОЖБА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА СОВРЕМЕНА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ШТО ЈА ОРГАНИЗИРА МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ОД СКОПЈЕ**

**ДИМИТАР БАШЕВСКИ**
(НАШ ПОСТОЈАН ДОПИСНИК)

Атина, 10 мај (по телефон)

**УШТЕ НА ПОЧЕТОКОТ,** при синоќешното свечено отворање на Изложбата на југословенската современа уметност во главниот град на Грција, атињани искажаа најубави впечатоци од средбата со делата на југословенските уметници. „Ова е една од најдобрите изложби што е приредена во Националната пинакотека", ни рече директорот на оваа галерија д-р Димитриос Папастамас, додавајќи: „За првпат една земја претставила толку организирана изложба, која дава целосна слика за тенденциите и стиловите во сликарството во Југославија". Ваквата оценка, без друго, претставува признание и за Музејот на современата уметност од Скопје, како организатор, и за Соња Абаџиева — Димитрова, која како комесар на изложбата понесе најголем број од задачите за успешното претставување на југословенската современа уметност пред грчката публика.

На синоќешното свечено отворање на изложбата во Националната пинакотека, присуствуваа голем број видни, културни и јавни работници од Атина, меѓу кои сопругата на претседателот на Републиката Јоана Цацос. Изложбата ја отвори генералниот секретар на Министерството за култура Димитриос Менегас, кој го подвлече значењето на културата и уметноста во меѓусебното запознавање на народите и укажа на југословенско-грчкото пријателство, истакнувајќи ги заедничките мирољубиви и културни цели на двете земји. Потоа, при отворањето на изложбата говореше југословенскиот амбасадор во Атина, Милован Марковиќ. Тој рече дека изложбата дава претстава за уметноста што се создава во современа Југославија и додаде дека оваа изложба претставува еден придонес кон духот на Хелсинки, духот на соработка и зближување меѓу народите.

**ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА** во Атина претставува синтетизиран приказ на творештвото на ликовните уметници во текот на последните тринаесет години. Така, таа настојува да одржи континуитет во претставата на грчката публика за југословенската уметност, за што во 1963 година беа одржани слични југословенски изложби во Атина и Солун. Овој пат во Националната пинокотека во Атина, претставени се дела од сликарството, скулптурата, таписерија и графика. Во изборот се застапени 103 автори со 132 дела, од кои 49 слики, 23 скулптури, 13 објекти, седум теписерии и 40 графики. На изложбата во Атина се најдоа дела од авторите, како што се Душан Џамоња, Крсто Хегедушиќ, Стојан Ќелиќ, Коста Ангели Радовани, Владимир Величковиќ и други. На атинската публика, мошне голем впечаток и оставија творбите на релативно младиот Мерсад Вербер.

Во големиот и импозантен избор на југословенските уметници и дела, се наоѓаат 19 имиња од СР Македонија. Тоа се: Родољуб Анастасов, Глигор Чемерски, Нове Франговски, Јордан Грабул, Петар Хаџибошков, Ристо Калчевски, Димче Коцо, Спасе Куновски, Стефан Маневски, Ѓоко Васевски, Петар Мазев, Боро Митрически, Таки Павловски, Душан Перчинков, Драган Поповски — Дада, Симон Шемов, Томо Шијак, Васко Ташковски и Васил Василев.

Во атинската изложба на југословенската современа уметност посетителот го воведува еден мошне богато направен каталог, изработен од Соња Абаџиева — Димитрова, кој говори за процесите и состојбите во југословенската ликовна уметност.

**ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ИЗЛОЖБА** овде ќе биде отворена до 12 јуни и се очекува да ја видат голем број атињани. Првите впечатоци, првите оценки, како што рековме, се мошне ласкави. Кон повеќето што можеа да се слушнат по отворањето, ќе го додадеме и мислењето на скулпторката Ефтимијади Фросо: „Свеж уметнички ветер дува од Југославија", рече таа и додаде: „Ова е изложба на слободата, на творечката слобода. Една многу сериозна уметност".